ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 13.02.2012

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## РАДИОДИЈАГНОСТИКА И УПАТУВАЊЕ

Почитувани,

Согласно Министерството за здравство, сите Јавни здравствени установи до 15 февруари 2012 година треба да преминат кон дигитализација на резултатите од радиодијагностиката за оние медицински апарати кои тоа го овозможуваат. Тоа значи комплетно издавање на резултатите на ЦД, а по потреба (по проценка на докторот) и издавање на резултатите на филм.

По започнувањето на овој начин на работа, до ФЗОМ пристигнаа голем број на поплаки од осигурените лица дека Јавни здравствени установи, особено Универзитетските клиники, не ги прифаќаат дигиталните резултати (не ги прифаќаат ЦД) туку бараат дополнително резултатите да бидат на филм.

За да се заштитат правата на осигурените лица и за да се елиминираат дополнителните трошоци и непотребно губење на време, ФЗОМ во Скопје активира мобилна екипа на контролори, која по поплака од осигурено лице веднаш ќе изврши контрола во здравствената установа.

Истовремено ФЗОМ сака да соопшти дека и покрај бројните едукации, соопштенија, гостувања во емисии од страна на ФЗОМ како и пилотирањето од 3 месеци во 2011 година, од некои Јавни здравствени установи сеуште не се почитува новиот начин на упатување. Затоа мобилната екипа на ФЗОМ ќе реагира и на поплака на осигурените лица за непочитување на новиот начина на упатување.

Осигурените лица можат горенаведените неправилности да ги пријават на следните телефони: **0800 33222, 02 3289 011 и 02 3289 005.**

Со почит,
ФЗОМ